**20192213458**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 47 став (6) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр.49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 152/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 22 октомври 2019 година, донесе

**УРЕДБА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ ЗА ДИРЕКТНИ ПЛАЌАЊА, КОРИСНИЦИТЕ НА СРЕДСТВАТА, МАКСИМАЛНИТЕ ИЗНОСИ И НАЧИНОТ НА ДИРЕКТНИТЕ ПЛАЌАЊА ЗА 2019 ГОДИНА**

Член 1

Во Уредбата за поблиските критериуми за директните плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2019 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.29/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.106/19, 120/19 и 181/19) во членот 2 став (3) во табелата по подмерката 2.20. се додава нова подмерка 2.21 која гласи:

„

| | | |
|---|---|---|
| 2.21. | Дополнителни директни плаќања за предадено јагне во регистриран кланичен капацитет | - Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства одгледувачи на овци и се корисници на подмерката 2.7 на оваа уредба и кои имаат предадено јагне во регистрирани кланични капацитети во период од 1 јануари 2019 година до 30 јуни 2019 година.<br>- Висината на директните плаќања изнесува 400 денари по грло предадено кај регистрирани кланични капацитети. |

“

Член 2

Во членот 3 по ставот (24) се додава нов став (25) кој гласи:

„ (25) Реализацијата на подмерката 2.21 од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2019 година ќе се врши врз основа на потврди за предадено јагне во период од 1 јануари 2019 година до 30 јуни 2019 година издадени од регистрираните кланични капацитети.“

Член 3

Во членот 4 по точката 5 се додава нова точка 6 која гласи:

„6. До 15 декември 2019 година за подмерката 2.21. од член 2 став (3) од оваа уредба“

Член 4

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-8302/1
22 октомври 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р.